# ГЛОБАЛЕН БЕРЗАНСКИ ПРЕГЛЕД

## 2024 Q2

WVP
FUND MANAGEMENT

# Почитувани инвеститори

Со ова обраќање сакаме да ги адресираме до Вас најважните светски и домашни настани од вториот квартал од 2024 година, да Ви дадеме еден глобален берзански преглед за тековните случувања, како истите се одразиле врз движењето на светската економија и растот на бизнисите кои се дел од нашето портфолио, како и перформансите на нашите фондови и споредба на истите со светските берзански индекси. Како и до сега така и понатаму, нашата примарна цел и одговорност кон Вас останува успешното управување со Вашите средства, согласно инвестициската стратегија кон која Вие сте се согласиле.

Инвестициската цел на **ВФП Премиум Акции** и понатаму продолжува да се остварува преку професионално управување со средствата на Фондот, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулираните пазари во светот, преку инвестирање во големи компании - „Large Caps" кои се лидери во сопствените индустрии и имаат континуирана растечка историја на исплата на дивиденда кон инвеститорите.

Во фокус на инвестициската политика на **ВФП Дивиденда Акции** се компании со пазарна капитализција над 2 милијарди долари кои имаат голем потенцијал за раст на бизнисот и компании кои имаат високи дивиденди приноси чии бизниси се стабилни, нискозадолжени или имаат висока способност да ги исплаќаат каматните расходи и вкупните долгови. Фондот е наменет за сите инвеститори кои сакаат да остварат атрактивен принос преку искористување на глобалниот раст на светската економија, особено во најразвиените економии во светот како САД, ЕУ и Велика Британија и остварување на приходи од исплата на дивиденда од фондот.

**ВФП  Бонд** фондот продолжува да е наменет за инвеститори кои не сакаат своите средства да ги изложат на високи осцилации и на среден рок сакаат да остварат атрактивен принос на своите средства преку вложување во државни и корпоративни обврзници.

**ВФП Кеш Депозит** е идеален за инвеститори кои претпочитаат средствата примарно да им бидат пласирани во банки и кои за цел имаат да менаџираат со својата тековна или среднорочна ликвидност.

# Содржина


01 Анализи на перформансите на фондовите

02 Анализи на светските индекси

03 Препораки


WVP FUND MANAGEMENT

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

**Пазарите на капитал имаа бурен почеток на вториот квартал, а политиката беше клучен фокус. Европските парламентарни избори беа обележани од подемот на десничарските националистички партии, поради што претседателот Макрон најави предвремени избори. Овој потег ги изненади берзите и предизвика привремен шок, поради што францускиот пазар на акции падна за 6,4% во јуни, а ова краткорочно го попречи растот и на останатите европски акции. Кон крајот на кварталот, како што загриженоста на инвеститорите за француските политички проблеми почна да се намалува, берзите повторно се оправија. Позитивно влијание за оправувањето имаа и силните резултати објавени во извештаите за заработките на компаниите.**

**Нивото на потрошувачките цени во еврозоната во мај се зголеми во однос на претходниот месец, но во однос на врвот којшто беше достигнат кон крајот на 2022 година забележа значително забавување. Како резултат на тоа, ЕЦБ на седницата во јуни донесе одлука за намалување на трите референтни каматни стапки за 0,25 п.п., со напомена дека и понатаму ја задржува затегнатоста на монетарната политика. Прогнозите на банката укажуваат на намалени инфлациски очекувања, како и посилно заздравување на економијата, при што се очекува да бидат остварени стапки на раст од 1,4% во 2025 и 1,6% во 2026 година, слично како во мартовските проекции.**

Извор: WVP Fund Management

**Во вакви услови, секторот за информатичка технологија повторно имаше најдобри перформанси, главно поради порастот на акциите на оние компании кои се занимаваат со полупроводници. Секторот циклична потрошувачка забележа пад поради послабите перформанси на акциите на компаниите кои произведуваат автомобили и луксузна стока.**
**Овие настани се одразија на уделот на ВФП Премиум Акции, чија цена забележа раст од 1,12%.**

# Анализа на перформансите на ВФП Премиум Акции со споредба со берзанските индекси

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите, следејќи ја инвестициската стратегија на фондот (вложување во големи мултинационални компании и примарна изложеност на европскиот пазар), како репер за споредба на приносот на ВФП Премиум Акции го користиме ВФП Бенчмарк-от составен од композиција на два светски берзанкси индекси: 30% Dow Jones Industrial Average – составен од 30 мултинационални американски компании за кои се смета дека најдобро ја прикажуваат американската економија и 70% Stoxx Europe 50 – составен од 50 европски мултинационални компании кои се најдобар репер на економијата во Европа.




Извор:Refinitiv Eikon; WVP Fund Management

## ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

# Секторска Изложеност




Извор: WVP Fund Management

**Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот Здравство, Финансиски услуги и Информатичка технологија. Од друга страна, изложеноста на сектори коишто се економски почувствителни, како што се Енергетика, Потрошувачка Циклична, Суровини и Индустрија, нѝ овозможуваат диверзификација на инвестициите, со што се спречува идиосинкратските настани во еден сектор да влијаат на целото портфолио.**




**Вториот квартал од годината беше најуспешен за секторите информатичка технологија и општа потрошувачка во САД и здравствениот сектор во Европа.**

**Сектори кои забележаа најголем пад беа: цикличната потрошувачка во Европа, секторот суровини во САД и енергетскиот сектор во САД.**

Извор: Refinitiv Eikon

# ВФП ПРЕМИУМ АКЦИИ

## Валутна изложеност




Извор: WVP Fund Management

**Стратегијата на Фондот е доминантно вложување на средствата во европски акции, пред сè, поради стабилноста на курсот денар/евро. Од графиконот може да се забележи дека 51,82% од средствата на Фондот се изложени на акции во евра, потоа 29,56% е изложеност на акции во долари и останатиот дел од средствата му припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти и македонски денар. Ваквата дисперзија на средствата овозможува заштита од валутни ризици.**

## ДВИЖЕЊЕ НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ НА КОИ Е ИЗЛОЖЕНО ПОРТФОЛИОТО ВО ОДНОС НА ЕВРОТО




Извор: WVP Fund Management

# Преглед на топ 3 позиции со најдобрите перформанси според учеството во имотот на фондот во изминатиот квартал

## Novo Nordisk A/S

**Novo Nordisk A/S е данска мултинационална фармацевтска компанија - пионер на пазарот на лекови за третман на дијабетес. Нивни главни производи се Ozempic и Wegovy. Компанијата произведува неколку лекови под различни брендови, меѓу кои Levemir, Tresiba, NovoLog, Novolin R, NovoSeven, NovoEight и Victoza. Зголемената побарувачка и порастот на продажбите на лековите за дијабетес и поврзаните кардиометаболички болести ѝ даваат конкурентска предност, а нематеријалните средства на компанијата поврзани со овие производи ја штитат профитабилноста на долг рок. На почетокот на кварталот Novo Nordisk достигна пазарна вредност од 604 милијарди долари и стана 12-та највредна компанија во светот. Акциите на компанијата скокнаа на рекордно високо ниво откако податоците од раните тестови покажаа позитивни резултати за нејзината нова експериментална пилула за слабеење Amycretin.**

## *NVIDIA Corp*

**Nvidia Corporation дизајнира и испорачува графички процесорски единици (GPU), интерфејси за програмирање на апликации (API) за data science и т.н. system on a chip единици (SoCs) наменети за користење кај мобилните телефони и во автомобилската индустрија. Nvidia е исто така доминантен снабдувач на хардвер и софтвер за вештачка интелигенција (AI). Со пазарен удел од околу 80%, Nvidia убедливо е лидер на пазарот за дискретни десктоп графички процесори. Компанијата исто така обезбедува софтверска платформа CUDA која овозможува создавање на програми за паралелна обработка на голем број податоци.**

**Во 2023 година, Nvidia стана седмата јавна американска компанија која има вредност над 1 трилион американски долари. Вредноста на компанијата вртоглаво порасна оттогаш бидејќи таа стана лидер на пазарот за чипови за центри на податоци со способности за вештачка интелигенција. Во моментов, Nvidia има пазарна капитализација од околу 2,8 трилиони американски долари.**

## *ASML Holding N.V.*

**ASML Holding N.V. е холандска мултинационална корпорација основана во 1984 година. ASML е специјализирана за развој и производство на фотолитографски машини кои се користат за производство на компјутерски чипови. Почнувајќи од 2023 година, таа е најголемиот снабдувач за индустријата за полупроводници и единствениот снабдувач во светот на машините за фотолитографија со екстремна ултравиолетова литографија (EUV) кои се потребни за производство на најнапредните чипови. Од март 2024, ASML е најценетата европска технолошка компанија и во моментов има пазарна капитализација над 300 милијарди евра.**

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ

**Пазарот на акции изминатите три месеци бележи позитивни резултати што се должат на оптимизмот дека ФЕД се подготвуваат за намалување на каматните стапки и трендот на растење на акциите на компаниите од секторот на вештачката интелегенција. На последниот состанок, одржан во средината на јуни, ФЕД посочи дека стапката на инфлација останува главна грижа, а извештаите покажуваат дека темпото на инфлација и понатаму останува тврдоглаво високо. Поради тоа ФЕД најави дека во 2024 може да се случи само едно намалување на каматните стапки во септември, што е спротивно на најавите во 2023 од најмалку три намалувања.**

Движење на цената на уделот на ВФП Дивиденда Акции.
Извор: WVP Fund Management

**Во вториот квартал од 2024 година, берзата забележа значителен раст, особено предводена од компаниите со голема капитализација во технолошкиот и комуникацискиот сектор, кои покажаа одлични перформанси, што се одрази и на приносите на фондот ВФП Дивиденда Акции, чијастратегија е вложување на средствата во Американски акции. Меѓународно, пазарите во развој ги надминаа развиените пазари, водени од силните перформанси на азиските акции, особено во Кина и Тајван. Европските пазари се соочија со волатилност поради политички неизвесности, како што беше најавата за предвремени избори во Франција. Уделот на ВФП Дивиденда, за време на кварталот, заврши со раст од 0,78%.**

# Анализа на перформансите на ВФП Дивиденда Акции со споредба со берзанските индекси

Како показател за успешноста при управување со средствата на инвеститорите, следејќи ја инвестициската стратегија на фондот “доминантно вложување во мултинационални компании од развиени држави”, како репер за споредба на приносот на ВФП Дивиденда го користиме MSCI World Index - глобален индекс на акции кој опфаќа компании со средна и голема капитализација од 23 развиени пазари во светот. При управување со средствата,Фондот не го реплицира индексот, туку го користи исклучиво за споредба на перформансот.

.




Движење на цената на уделот на ВФП Дивидена Акции VS движење на индексот MSCI World.
Извор: Refinitiv Eikon; WVP Fund Management

WVP FUND MANAGEMENT

# ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ

## Секторска изложеност




Извор: WVP Fund Management

Голем дел од фондот во моментов е позициониран во компании од секторот ИТ, Финансиски услуги и Здравство. Секторот ИТ забележа раст во вториот квартал на 2024, додека секторите Финансиски услуги и Здравство беа во благо опаѓање. Диверзификацијата и изложеноста во сектори како Индустрија, Потрошувачка Циклична, Енергетика, кои важат за сектори со висока корелација со бизнис циклусот ни овозможуваат да го намалиме целокупниот ризик на фондот.

## Валутна изложеност




Извор: WVP Fund Management

Стратегијата на Фондот за доминантно вложување на средствата во Американски акции резултира со доминантна изложеност на Фондот во Американски долар (USD). Од графиконот може да се забележи дека 61,90% од средствата на Фондот се изложени на акции во долари, потоа 22,01% е изложеност на акции во евра и останатиот дел од средства припаѓа на други валути како швајцарски франци, британски фунти, сè со цел дисперзија на средствата на инвеститорите и заштита од валутни ризици кои се јавуваат кога се вложува во финансиски инструменти со странски валути.

# Преглед на топ 3 позиции со најдобрите перформанси според учеството во имотот на фондот во изминатиот квартал

## Nvidia Corp

Nvidia Corp е Американска мултинационална корпорација која се смета за лидер во технологијата за вештачка интелигенција и производството на графички процесори (GPU), кои се високо ценети во индустријата за игри. Иновативниот пристап и силната линија на производи ја позиционираа компанијата на врвот на технолошката индустрија. Аналитичарите често ја нарекуваат Nvidia "крал на вештачката интелигенција". Во последните години, Nvidia доживеа финансиски раст, главно поради фокусот на технологиите за вештачка интелигенција и центри за податоци. Со последните објавени финансиски резултати, компанијата оствари приходи од 13,51 милијарди долари, што претставува зголемување од 101% на годишно ниво. Овој раст беше главно поттикнат од сегментот за центри за податоци, кој забележа зголемување на приходите од 171%.

## Apple Inc

Apple е Американска мултинационална корпорација која дизајнира, развива и продава електроника, компјутерски софтвер и онлајн услуги. Како главни производи на оваа компанија се вклучуваат: мобилните телефони (iPhone), таблети (iPad), часовници (Apple Watch), слушалки (Air Pods) и телевизиска платформа (Apple TV). Нивниот софтвер ги вклучува оперативните системи како IOS, macOS, iTunes и iCloud. Вкупните приходи на Apple за последниот квартал во 2024 изнесуваат 90,8 милијарди долари, што претставува намалување од 4% споредбено со истиот период минатата година. Нето приходот изнесува 23,6 милијарди, што е намалување од 2% во споредба со минатата година. Добивката по акција изнесува 1,53 долари што е мало зголемување на очекувањата од 1,50 долари.

## Alphabet Inc

Alphabet Inc е уште една Американска мултинационална корпорација која продолжува да ги поместува границите на технологијата преку своите иновативни проекти. Како главни производи на оваа компанија се Google Services кој ги вклучува популарни производи и услуги како Google Search, YouTube, Google Maps, Google Play, Gmail и Android оперативниот систем, како и Google Cloud кој вклучува услуги за претпријатија, како Google Cloud Platform и Google Workspace. Вкупните приходи на Alphabet Inc за последниот квартал изнесуваат 84,7 милијарди долари, што претставува зголемување од 14% споредбено со истиот период минатата година. Нето приходот изнесува 23,6 милијарди, што е зголемување од 29% споредбено со истиот период претходната година.

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП БОНД

Во вториот квартал од 2024, глобалниот пазар на должнички хартии од вредност беше под влијание на различните трендови на динамиката на инфлацијата, монетарната политика и економските услови на пазарите на труд соодветно.

Глобалните пазари на државните обврзници се разликуваа то текот на кварталот. По првичната голема распродажба на американските државни благајнички записи, приносите го достигнаа врвот кон крајот на април и подоцна последователно се намалуваа. Во еврозоната, спредот на француските должнички хартии нагло се зголеми како резултат на најавата за предвремени парламентарни избори што имплицира дека инвеститорите го перцепираат францускиот долг како поризичен од оној на сличните европски економии.Централните банки беа во центарот на вниманието во кварталот.

Во САД, на состанокот во јуни ФЕД-от како резултат на статистичките податоци од соодветните државни институции донесе одлука да не ја променува каматната стапка и ја задржа на нивото од 5,5%. Како резултат на загриженоста од потенцијална рецесија кон крајот на август, се порелевантни се шпекулациите за можно намалување на каматните стапки во САД од септември.




Извор: WVP Fund Management

ЕЦБ започна со намалување на каматната стапка во јуни за 0,25%, но во јули ја задржа непроменета на ниво од 3,75% поради инфлацијата која го заврши кварталот над посакуваните таргети. ЕЦБ најави дека потенцијалните идни намалувања на каматната стапка ќе се движат во согласност со соодветните економски статистички податоци.

Банката на Англија исто така имаше намалување на каматните стапки во Јули по знаците на заладување на инфлацијата во Обединетото Кралство, но од администрацијата нагласија дека ќе внимаваат идните потенцијални намалувања да не дојдат прерано и да не бидат преголеми.

Банката на Јапонија се соочуваше со потребата да ја поддржи ослабената домашна економија од една страна и притисокот од зголемена депрецијација на јенот од друга страна. Вака настанатата стиуација води на шпекулации дека БЈ може да ги зголеми каматните стапки со цел да ја заштити валутата и покрај ризикот од контракција на домашната економија.

# ВФП БОНД

# Движење на пазарите на фиксен доход на држави во развој




Извор: Refinitiv Eikon

Со одложувањето на ФЕД-от за намалување на каматните стапки, второто тримесечје не беше најповолно за должничките хартии на пазарите во развој. Повеќето од земјите во развој успеаа да ја нормализираат инфлацијата во одредени сектори со што реалативно успешно се движеа во циклусот на затегање на економијата. Некои од централните банки на земјите во развој започнаа и со намалување на каматните стапки без да чекаат ФЕДот прв да посегне кон тоа. Останатите, како Турција и Египет во почетокот на годината ги покачија каматните стапки и во вториот квартал ги задржаа непроменети со цел справување со високите инфлаторни притисоци. Индонезија пак, ги зголеми каматните стапки со цел да ја заштити домашната валута.

Геополитичката ситуација остана неизвесна во кварталот што измина, со операциите на Израел во Рафа и изборите се одржаа во Индија, Мексико, и Јужна Африка.

Индексот на корпоративни обврзници од пазарите од развој беше со најдобар перформанс од овој сегмент, надминувајќи ги приносите на државните должнички хартии од вредност.

Народната банка на Северна Македонија во текот на вториот квартал од 2024 не ги промени каматните стапки задржувајќи ги на 6,3%. Каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена исто така останаа исти, односно се задржаа на нивоата од 4,2% и 4,25%, соодветно. Мерките кои ги презема НБРМ како задржувањето на каматната стапка, промената кај задолжителната резерва која започна со примена од јуни и останатите макропрудентни мерки се во насока на натамошно забавување на инфлацијата и задржување на стабилност на девизниот курс. Во процесот на носење на одлуки од монетарна политика, НБРСМ ги зема во предвид и поставеноста на политиките на ЕЦБ.

Народната банка на Србија ја намали каматната стапка на 6,25% во јуни за првпат по декември 2020 година. Одлуката беше во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, и резултат на надолната патека на домашната инфлација за неколку месеци со ред и враќање во проектираните рамки.
Во април 2024 Standard & Poor's агенцијата го зголеми кредитниот рејтинг на Србија од стабилен во позитивен

**Извор: WVP Fund Management**

Турција релативно успешно го заврши вториот квартал од 2024. Годишната стапка на инфлација во земјата се намали на 71,60% во јуни, што е намалување од 75,45% во мај и го означи првото забавување на темпото на потрошувачките цени во изминатите седум месеци. На состанокот во јуни, Централната банка на Турција ја задржа непроменета референтната каматна стапка на ниво од 50% трет последователен месец.Турската лира поевтини во однос на американскиот долар за 1,19% во К-2 и затвори на 32,76.

Во Романија, годишната стапка на инфлација продолжи по надолна траекторија во вториот квартал од 2024 на ниво од 4,94% во јуни, или попрецизно за 1,67% пониско од инфлацијата во март. Каматната стапка остана непроменета на ниво од 7% во целото тримесечие со изгледи за намалување на состанокот во јули. Имајќи ги во предвид актуелните податоци, од Народната банка на Романија очекуваат дополнително намалување на инфлацијата во наредните месеци од годината.

Основната каматна стапк во Црна Гора во изминатиот кратал претрпи намалување од 6,64% на 6,61% и се задржа на истото ниво до крајот на кварталот. Инфлацијата е во надолен тренд во кварталот и од 5,4% во првиот месец од вториот квартал, се намали на 4,1% во јуни.

Централната банка на Албанија во вториот квартал од 2024 ја намали каматната стапка за 0,25% на ниво од 3%. Ова означува пресврт од циклусот на заострување спроведен во текот на две години како одговор на инфлаторните притисоци. Одлуката дојде по изненадувачкиот пад на инфлацијата во Албанија во првата половина на 2024 година. Инфлацијата падна побрзо од очекуваното, достигнувајќи просечни 2,1% во април и мај. Намалувањето на цените на глобалните пазари, во комбинација со апрецијацијата на албанскиот лек, го направи увозот попристапен, а тоа пак помогна да се намалат инфлациските притисоци во земјата. Ова претставува најниско ниво од јули 2021 година.

# ВФП БОНД

## Валутна изложеност




Извор: WVP Fund Management

Од графиконот може да се забележи дека 79,55% од средствата на ВФП Бонд се изложени во евра, потоа 14,59% во денари, а 5,71% е изложеноста во американски долари. Исто така портфолиото на фондот е изложено и на рубља со 0,26% кои се вложени во руски државни обврзници.

**Принос во тековната година 30.06.2024**

**1,26%**

# АНАЛИЗА НА ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ФОНДОВИТЕ

## ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

На последната седница на Народната банка се одлучи каматната стапка на благајничките записи да остане на нивото од 6,30%, а каматните стапки на депозитите преку ноќ и на 7 дена да останат на нивоата од 4,20% и 4,25%, соодветно. И натаму се очекува дека тековното ниво на каматните стапки, заедно со досегашните промени кај задолжителната резерва и преземените макропрудентни мерки ќе придонесат за натамошно забавување на инфлацијата и за задржување на стабилноста на девизниот курс.

Главниот акцент при носењето на одлуката за задржување на тековната поставеност на монетарната политика е ставен на потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа. Инфлацијата во мај 2024 година умерено забрза и изнесува 4,5% на годишно ниво, при позитивен придонес за растот како од базичната инфлација, така и од останатите компоненти. Сепак, динамиката на инфлацијата во мај не отстапува од патеката на движење предвидена во рамките на пролетните проекции на Народната банка. Според овие проекции, за целата 2024 година се очекува просечна инфлација од 3,5%. Во однос на политиката на Европската централна банка (ЕЦБ), на последната седница во јуни беше донесена одлука за намалување на основните каматни стапки за 0,25 п.п., во согласност со очекувањата на пазарите. Притоа, ЕЦБ нагласи дека и покрај намалувањето, со новото ниво на каматните стапки сè уште се задржува затегнатоста и претпазливоста на монетарната политика.

Нивото на девизните резерви на крајот на мај изнесува 4.293,6 милиони евра, што е соодветно за задржување на стабилноста на курсот на домашната валута. Економскиот раст во првиот квартал на 2024 година малку забрза, во согласност со проекциите на Народната банка, но поумерено од очекувањата. Реалниот раст на домашната економија изнесува 1,2%.
Општо земено, најновите остварувања кај макроекономските показатели засега се близу до очекувањата од последните проекции, но условите за водење на монетарната политика и натаму се неизвесни.

# ВФП КЕШ ДЕПОЗИТ

И покрај започнатото опаѓање на каматните стапки, ВФП Кеш Депозит успева да оствари се солиден принос во однос на пазарните конкуренти. ВФП Кеш Депозит и понатаму останува совршен производ за:

- Конзервативни инвеститори што претпочитаат средствата да им се примарно во банка
- Правни лица кои сакаат да остварат повисок принос од приносот на трансакциска сметка на ликвидните средства што им се потребни за краток период
- сите физички лица, имајќи предвид дека секој човек првично има потреба од ликвидни и стабилни средства




Извор: WVP Fund Management

Извор: НБРМ; WVP Fund Management

# ПРЕПОРАКА ДО ИНВЕСТИТОРИТЕ

И покрај политичката нестабилност и неизвесноста на централните банки во светот, пазарите на капитал немаа некои посериозни потреси и надолни движења изминатиот квартал. Оптимизмот околу вештачката интелигенција продолжува позитивно да влијае кај инвеститорите. Во текот на пишувањето на овој квартален преглед пазарите претрпеа пад поради стравовите од потенцијална рецесија и зголемувањето на каматните стапки од страна на Јапонската централна банка. Овие настани подетално ќе ги обработиме во следниот квартален преглед.

Останuваме доследни на нашата инвестициска политика каде што главна цел ни е да инвестираме во стабилни и развиени бизниси со изгледи за раст. Геополитичките тензии во светот во последните месеци се стабилизираа со што дополнително ја намалија грижата и негативниот сентимент кај инвеститорите. Сепак, можните негативни корекции и падови според нас овозможуваат одлична долгорочна можност за искористување на cost average ефектот и упросечување на цената на уделите.

Препорачуваме инвеститорите да останат широко диверзифицирани за да бидат сигурни дека нивните портфолија ги генерираат приносите согласно нивните потреби. Успешното инвестирање е маратон, а не спринт, па дури и привремени периоди на нестабилност, како што доживеавме за време на војната помеѓу Израел и Палестина и високата инфлација, нема да го промени диверзифицираниот пристап за исполнување на вашите долгорочни инвестициски цели. Затоа, од клучно значење е да останете инвестирани, да останете трпеливи и да се држите до планот.

Како и претходно, препорачуваме инвеститорите и понатаму да не се обидуваат да го погодат дното или врвот. Веруваме дека на долг рок оваа стратегија е далеку поопрaвдана од стратегијата на “бркање краткорочни заработки” преку купопродажни трансакции. Бидете сигурни дека целиот наш тим ќе остане посветен да продолжиме заедно успешно да се движиме низ ова предизвикувачко пазарно опкружување.